# КАРПОШОВОТО ВОСТАНИЕ
# (1689)

**Ванчо Ѓорѓиев**

**1.** Пишаните изворите за Карпошовото востание се малку. Сознанијата за ова востание, пред сѐ, се засновани врз информациите кај османлиски хроничари и неколку официјални документи, но нема ниту една директна информација од австриска провениенција. Карпошовото востание за прв пат во научната литература е внесено од австрискиот историчар и дипломат Јозеф фон Хамер во 1830 година, преку неговата „Историја на османлиското царство“. Од тогаш па до наши дни, ова востание е третирано во повеќе трудови, меѓу кои од научен аспект, особено се издвојуваат авторите: Душанка Бојаниќ Шопова и Александар Матковски.

Карпошовото востание е во директна врска со австрискиот пробив во северна Македонија, па затоа истото треба да се разгледува во контекст на австро-турската војна (1683-1699), со посебен осврт на австрискиот пробив во Македонија во 1689 година.

На 14 јули 1683 година, османлиските војски на чело со големиот везир Кара Мустафа паша ја опседнале Виена. Австриската престолнина под османлиска опсада останала 54 дена, при што Турците успеале да заземат некои делови од градот. Врз основа на австро-полскиот сојуз кој бил склучен во почетокот на мај 1683 година, на помош на Виена тргнал полскиот крал Јан Собјески со 30 000 војска. По пат му се придружиле многубројни Полјаци, Украинци, Унгарци, Саксонци, Баварци, Австријци и други, а Венеција испратила на помош 15 000 српски „ускоци“. На 12 септември 1689 година Јан Собјески ја разбил османлиската опсада околу Виена, а следниот ден влегол како ослободител во градот. Подвигот и славата на Јан Собјески се проширила низ цела Европа, а христијански народи на Балканот, за него почнале да пеат песни.

Османлиските војски пред Виена не само што биле поразени, туку биле принудени на длабоко повлекување. Османлиската опсада на Виена прераснала во долготрајна војна со катастрофални последици по Османлиската империја и големи територијални загуби. Големиот везир Кара Мустафа по поразот кај Виена се повлекол во Белград со намера да собере војска и да преземе нов поход, но на 25 декември 1683 година по наредба на султанот бил задавен со свилено јаже.

Во почетокот на март 1684 година, под покровителство на папата, кон австро-полскиот сојуз се придружиле Венеција и Русија и на тој начин била формирана „Света лига" за борба против Османлиите. Светата лига тргнала во војна против Османлиите на повеќе сектори по копно и море. Притоа ударна сила биле Австријците, кои постигнале и најголеми успеси. Во 1885 година, Австријците ги истиснале Турците од северна Унгарија. Во 1886 година, Венеција освоиле повеќе османски тврдини во Далмација и на Пелопонез. На почетокот на септември 1886 година, Австријците го освоиле Будим, а по победата кај Мохач во 1687 ги исфрлиле Турците од Унгарија и Трансилванија. Како последица на воените порази дошло до јаничарска побуна, при што султанот Мехмед IV (1684-1687) бил симнат од престолот, а на негово место бил поставен Сулејман II (1687-1891).

Летото 1688 година, Австријците ја преминале реката Сава, а во септември го освоиле Белград, по што војната ја пренеле длабоко на југ во центарот на Балканот. Во февруари 1689 година, Французите ги нападнале Австријците од зад грб на реката Рајна. Поради тоа австрискиот император бил принуден да војува на два фронта, а тоа значително ги ослабело австриските сили на Балканот. Во меѓувреме, Русија била зафатена во војна со Татарите па не била во состојба да и укаже помош на Австрија. Во април 1689 година за командант на австриските војски на јужниот сектор бил поставен маркгрофот Лудвиг Бадемски: Во неговиот штаб се нашле и искусните генерали Пиколомини и Ватерни. Бадемски добил задача да го освои Ниш, а потоа да сврти на запад кон Јадранското Море за да ја отсече Босна, која не била освоена. Од друга страна, Османлиите ги мобилизирале сите расположливи сили при што на помош го повикале и татарскиот хан Селим Гирај. За главен командант на турските сили против Австријците бил именуван Реџеп паша.

На 24 септември 1689 година, Австријците го зазеле Ниш. По освојувањето на Ниш, Л. Бадемски тргнал на североисток по реката Тимок во правец кон Видин, друг одред продрел на југ кон Грделичката клисура, а главнината од австриските сили под

водство на Пиколомини продрела на југозапад во Косово. Остатоците од разбиените османски сили од кај Ниш се повлекле кон Драгоманската клисура за да го попречат евентуалното австриско напредување кон Софија.

Генералот Пиколомини со помош на локалното население, без сериозен османски отпор брзо го зазел Косово. Воодушевен од успехот, тој на 21 октомври од Приштина, го информирал императорот Леополд I, ако добие уште еден полк војска дека ќе може да ги освои Скопје, Солун, Албанија и Херцеговина. Следниот ден на 22 октомври австриските војски ја зазеле Качаничката клисура и се нашле пред Скопје. Османлиските војски под команда на Махмуд паша се обиделе да се спротивстават непосредно пред Скопје, но по првиот судир панично се разбегале, оставајќи стотина мртви и двесте заробеници. Појавата на Австријците пред Скопје предизвикало голема паника. Градот го напуштиле како воените, така и административните власти и најголемиот дел од турското население.

На 25 октомври 1689 година, австриските војски речиси без борба влегле во Скопје. Своите впечатоци за Скопје, Пиколомини ги изнел во писмото од 31 октомври до императорот Леополд I. Во него, меѓу другото пишува: „Градот Скопје е голем речиси како Прага. Тој е без ѕидини и без ровови. Го најдов напуштен, личен од сите скапоцености, но богато снабден со стоки. Нешто малку луѓе што ги сретнавме по улиците беа бледи и исплашени“. Пиколомини, откако ја анализирал воено-стратегиската ситуација при која се нашол во Скопје, заклучил дека не може да остане во градот и да организира одбрана, затоа одлучил да го запали и да се повлече во Качаничката клисура. Скопје горело на 26 и 27 октомври 1689 година. Во врска со палењето на Скопје, Пиколомини во веќе споменатово писмо пишува: „Ми беше жал за убавите згради, какви што во оваа војна уште не бев видел; џамии од најфин мермер и порфир со илјадници кандила и позлатени Корани, на кои би им посветил внимание човек и во Рим, потоа убавите старини, градини и места за забава, иако според варварски вкус. Големите резерви од средства за живот морав на пламенот да му ги предадам ... По сите градски кошиња се поставија луѓе со гламни. На знакот од три топовски истрели се вивна пламен и чадот го помрачуваше сонцето на 26 октомври и другиот ден. Ние стоевме на еден висок рид и под звуците на војничките инструменти го гледавме огнот над оваа убаво место ... што можев да сторам? Да имав доволно трупи тука да се утврдам би продрел уште понатаму“.

Османлиските хроники бележат дека при заземањето на Скопје од страна на Австријците, бил вмешан Карпош и неговите луѓе, но за тоа нема никаква потврда во австриските извори. По палењето на Скопје, австриските војски се повлекле во Качаничката клисура, каде планирале да се утврдат и да презимат со надеж дека ќе добијат засилување за напролет да тргнат во нов поход. Набрзо потоа, Пиколомини, кој се заразил од чума во Скопје, починал во Призрен, а командувањето со австриските војски на овој сектор го презел херцогот Холштајн, кој не бил многу тактичен со локалното население. Во текот на ноември и декември, австриските војски извршиле уште неколку упади на територијата на османлиска Македонија. Притоа целта била да извршат рекогносцирање на теренот, да го разбијат концентрирањето на османлиските сили во одредени точки, како и да извршат контрибуција. Херцогот Холштајн на 10 ноември 1689 година, продрел кон Штип каде биле концентрирани османлиски сили. Притоа, Турците биле разбиени и оставиле зад себе околу 2000 мртви, Штип бил запален, а Австријците се повлекле со богат плен. Во средината на ноември 1689, еден австриски одред поддржан од голем број локални доброволци се пробил до Леуново – Гостиварско, каде убиле околу 600 османлиски војници и повторно се повлекле на Косово со богат плен. Друг австриски одред поддржан од голем број српски доброволци под водство на капетанот Саноски продрел до Велес, запалиле дел од градот и се повлекле. Австриските упади во северниот дел од Македонија покажуваат дека оваа територија во овој период била „ничија земја“. По три века непрекинато османлиско владеење, за прв пат власта колабирала. Токму оваа ситуација била искористена од Карпош и неговите востаници.

**2**. Во текот на австро-турската војна дошло до значително влошување на положбата на христијанското население на Балканот. Поради зголемените расходи во Османлиската Империја дошло до зголемување на постојните даноци, а биле воведени и нови. По падот на Белград бил воведен данокот хане-акчеси, потоа данок на трговијата со вино, ракија и тутун. Во 1689 година од балканските народи почнал да се собира данокот неферијам бедели. Паралелно со тоа зачестиле реквизициите на животни продукти по цени далеку под реалните. Посебен удар врз стандардот на населението настапил со воведувањето на новата бакарна монета (мангар), чија вредност власта настојувала да ја изедначи со сребрената акча.

Османлиските воени порази и победите на Света лига, а особено австриското продирање длабоко во османлиска територија ја засилиле вербата кај христијанските

народи на Балканот за скорешно ослободување. Скопскиот митрополит Евтимиј во септември 1687 година се нашол во Москва и од рускиот патријарх побарал помош за ослободување на балканските христијани. Пролетта 1688 година во Москва се нашол и архимандритот Исаија од светогорскиот манастир „Св. Павел“ кој, меѓу другото ветувал дека балканските христијани ќе востанат против Турците, доколку руските војски се појават на устието на Дунав. Од друга страна австрискиот цар Леополд I во почетокот на 1687 година побарал од цариградскиот патријарх Калник VII да ги поттикне балканските христијани да востанат против Турците и да застанат на страната на Австрија. Во 1688 година, Ѓорѓе Бранковиќ испратил мемоар до австрискиот император од името на „Босанците, Бугарите, Расциите, Тракијците, Албанците и Македонците“ дека биле расположени да застанат на страната на Австрија во војна против Турците. Оттука, кога Австријците во 1688 година, одлучиле да ја пренесат војната јужно од Сава и Дунав сметале на поддршка од христијанското население.

Во текот на австро-турската војна, на Балканот, а во тој контекст и во Македонија дошло до засилување на ајдучкото движење и разни побуни. Официјалната османлиска документација засилувањето на ајдутство во разни предели на Македонија го бележи од почетокот на војната. Според документите од османлиско потекло во 1887 година, значаен дел од рајата во нахијата Мариово биле ајдути. Во 1688/89 година во Мариовско дошло до голема побуна на христијанското население. Ајдутството особено се засилило во североисточните предели на Македонија. Австрискиот пробив на југ од Белград и нивните повици кон потчинетите христијани да се придружат во борбата против Турците, дополнително го засилиле ајдучкото движење, а тоа кулминирало по падот на Ниш. Еден од клучните ајдучки водачи на просторот помеѓу Западните Родопи, Перник, Знеполе, Лесковец и Врање бил Карпош. Тој е водачот на востанието кое избило во Североисточна Македонија за време на австриското палење на Скопје.

Историската наука не располага со изворни податоци за неговата личност, потекло, семеен статус, возраст, занимање и т.н. Во науката постои дилема дури и за името Карпош во смисла дали станува збор за лично име, или пак за прекар. Во османлиските хроники и документи тој фигурира како Карпуз што значи лубеница или диња, но во преносна смисла тоа име може да се користи за означување на топчест, дебел или човек со изразит црвен лик. Како и да е во словенската терминологијата тој е познат како Карпош.

Во османлиските извори Карпош за прв пат се споменува во 1689 година, како водач, (арамбаша) на ајдучка дружина, кој дејствувал од пред неколку години, во пределите на Доспат планина (Западни Родопи). Кон крајот на мај 1689 година во овие предели бил испратен одринскиот бостанџиски мајстор Сарач Али-уста за да го фати „Карпош, ајдучки врховен старешина, кој се прославил на планината Доспат". Споменатиот Сарач Али-уста успеал да фати десетина ајдути, но не и Карпош. Во јули 1689 година, дошло до засилување на ајдучкото движење во регионот во Ќустендилскиот санџак, особено во казата Крива Паланка. Затоа властите издале наредби за елиминирање на ајдутите во конкретниот регион, но во нив не споменат водачот на ајдутите. Со приближувањето на Австријците кон Ниш, Карпош, својата активност ја поместил на понасевер на просторот помеѓу Врање, Брезник, Перник и Пирот.

Непосредно пред падот на Ниш во австриски раце (24.09.), централната османлиска власт помеѓу 6 и 15 септември 1689 година издала наредба со која мартолосбашија Мехмед од знеполскиот кадилак бил назначен за старешина на локалните сили во кадилаците: Брезник, Пирот, Врање, Ниш и Лесковец со задача да го фати и казни Карпош. Меѓутоа мартолосбашијата Мехмед не успеал да го елиминира Карпош. По падот на Ниш пред опасноста од натамошно продирање на Австријците во внатрешноста на Балканот, властите радикално го промениле односот кон Карпош и сличните ајдучки водачи од загрозениот регион. Така помеѓу 26 септември и 5 октомври 1689 година е издадена наредба според која Карпош е назначен за мартолосбашија во казите Ќустендил, Сиришник и Радомир, а Сугаре за мартолосбашија на казите Петрич и Мелник.

Според Душанка Шопова, главната улога во оваа ситуација ја одиграл Иво Штипјанецот, поранешен мартолосбашија во штипскиот кадилак, кој на оваа позиција бил поставен под заштита на штипскиот првенец Мустафа – ага, инаку брат на скопскиот назир Мехмед – ага, кој бил родум од Штип, а потоа станал и беглербег. Во меѓувреме, Иво, се одметнал и по примерот на Карпош станал водач на ајдучка дружина. Откако бил притиснат од властите, Иво се покајал пред својот заштитник Мустафа – ага и изразил подготвеност да премине во ислам и одново да се бори против ајдутите и арамиите во регионот. Мустафа – ага во прилог на Иво интервенирал пред јаничарскиот ага Махмуд – паша, кој бил по потекло од Штип. Под гаранција на последниот, Иво преминал во ислам и станал Али. Оттука со истиот акт, со кој Карпош и Сугаре се назначени за мартолосбашии, Иво (Али) бил именуван за главатар на мартолозите во казите Штип,

Радовиш, Велес, Дојран, Серез, Демир Хисар, Неврокоп и Разлог. Помеѓу 26 септември и 5 октомври е издадена уште една наредба со која под гаранција јаничарскиот ага Махмуд – паша, Карпош официјално е помилуван, при што не само што е потврден за мартолосбашија на казите Ќустендил, Сиришник и Радомир, туку и за „главатар на мартолозите“ (башбог) во казите Штип, Радовиш, Велес, Дојран, Серез, Аврет Хисар, Неврокоп, Разлог, Петрич и Мелник, бидејќи бил храбар и способен да ги ликвидира ајдутите и разбојниците. Според Д. Шопова, Иво (Али) се послужил со ајдучка итроштина, и преку својот покровител Мустафа–ага се јавил како гарант за своите поранешни соборци, притоа давајќи му примат на Карпош, како и во ајдучкото време. Јаничарскиот ага, кој бил исламизиран Штипјанец, кој бил несомнено лојален кон османската династија, воопшто не се посомневал во препораките од своите сограѓани, а уште помалку во лукавство на Иво, кој станал Али.

Постапките на османлиските власти со Иво (Али), Карпош и Сугаре ја покажуваат очајната положба во османлиските редови по падот на Ниш, поради што биле принудени на секакви отстапки кон дотогашните одметници за да задржат каква таква контрола на теренот во пресрет на австрискиот налет. Секако, османлиското помилување и именувањето на поранешните ајдучки водачи за мартолосбашии, претставува тактички потег за да ги одврати од здружување со австриските војски кои брзо напредувале на теренот. Некои историчари го поставуваат прашањето дали Карпош воопшто ја прифатил помирувачката османска рака, но османлиските хроничари недвосмислено укажуваат дека Карпош, како и Иво ја погазил укажаната чест и за кратко време се одметнале.

Информациите за почетокот на Карпошовото востание се скудни, иако е неспорно дека неговото одметнување и почетокот на востанието е во директна врска со пробивот на австриските војски кон Македонија. Александар Матковски смета дека Карпошовото востание започнало „околу 20 октомври 1689 година“ по една наводна битка помеѓу австриските и османлиските сили која се одиграла некаде по 13-ти, или околу 17 октомври. Меѓутоа, според Д. Бојаниќ, битката за која зборува Матковски, воопшто не се одиграла кај Крива Паланка (Егри Паланкаси), ниту пак во 1689 година, туку дека Матковски, погрешно ги пренел настаните до битката кај Егри Каласи (Унгарија) која се одиграла стотина години порано. Врз основа на анализата од турските хроники кои го споменуваат Карпош при австриското влегување во Скопје, како и врз основа на индиректните информации од австриските извори кои сведочат дека православното

население им било наклонето и го напуштиле турскиот паша, Д. Бојаниќ допушта дека Карпош кој најверојатно со Иво (Али) како мартолосбашии биле повикани или испратени на помош во Скопскиот санџак, и дека се одметнале во последен момент, кога Австријците се нашле пред, или во градот.

По паничното напуштањето на Скопје од османските воени и административно власти и бегството на поголемиот дел од муслиманското население, како и по повлекувањето на Австријците по палењето на Скопје, градот останал без претставници на ниту една војска и државна институција. Оттука, несомнено е дека по повлекувањето на Австријците, Скопје се нашло под контрола на Карпошовите востаници, а тоа го посведочуваат хрониките на Рашид, Силахдар и Дефтердар.

Изворите и литературата се едногласни дека сепак главното упориште на Карпош и неговите востаници биле Крива Паланка и Куманово. Во Крива Паланка не само што била освоена тврдината, туку во неа биле запленети и 6 топови и друго оружје. Според хрониката на Рашид, Карпош се утврдил во еден манастир во близината на Куманово, сличен на град тврдина, кој го опколил со ровови и со цврсти плотови. На тој начин на просторот помеѓу Скопје, Куманово и Крива Паланка била создадена слободна територија, каде османлиската власт била наполно суспендирана, а австриските војски немале гарнизони, ниту пак организирани претстражи. Кон слободната востаничка територија припаѓало и Кратово, како и областите околу Лесново, каде што во тоа бурно време бил ограбен Лесновскиот манастир. Според хрониките на Рашид и Силахдар, Карпошови привврзаници се нашле и во Качаничката клисура. Познато е исто така дека Карпош се подготвувал за напад на Ќустендил, но до тоа не дошло.

Влијанието на Карпошовото востание се почувствувало до Радовишко, иако нема податоци, дали Радовиш бил во рацете на востаниците. Според една наредба од кадијата на Радовиш од септември 1690 година се гледа дека стотина „неверници“ од рајата кои по инвазијата на „бедните неверници“ се одметнале, дошле да го предадат оружјето, да се покајат и да побараат амнестија. Можеби споменатава раја се побунила и одметнала по австриското палење на Штип. Д. Бојаниќ допушта дека неверничка раја која побарала амнестија од радовишкиот кадија дека се придружила на Иво Штипјанецот.

Со оглед на фактот што татарскиот Хан Селим Гирај уште од Крива Паланка испратил еден одред од 10 000 Татари за да воспостави ред во Тиквешко, неспорно е дека и овој крај бил зафатен од бунтовното движење. Истиот одред со таква мисија поминал и

низ Велешката каза. Сепак треба да се нагласи дека ако во изворите името на Карпош директно се поврзува со настаните во Крива Паланка, Куманово, Скопје и Качаник, неговото име не се споменува кога станува збор за Радовишко, Тиквешко и Велешко.

Слободната востаничка територија егзистирала околу 6 седмици. Во тој период Австријците барем двапати поминале низ неа при упадите во Штип и во Велес. Меѓутоа во австриските извори до сега не се пронајдени информации за евентуална соработка со Карпош или со неговите потчинети. Од друга страна, според хрониката на Рашид при османлиското заземањето на Крива Паланка, таму имало германски и унгарски војници. Ако оваа информација е точна во случајот можеби се работело за некаква извидница, или одред испратен за да го попречи турското напредување, бидејќи во Паланка, како и во Куманово и Скопје, немало австриска посада. За нас е неодржлива констатацијата на бугарскиот историчар Петар Петров, дека Карпош „преку целото време дејствувал како составен дел од австриската војска“.

Во изворите речиси нема никакви информации ниту за организацијата на востаничката власт на слободната територија. Во таа смисла исклучок претставува една анонимна хроника во која се вели дек Карпош бил заробен со „4 капетани“, потоа дека бил обесен на едно огромно дрво за увид на сите „со 30 знаменити капетани“. Поаѓајќи од оваа информација, Д. Бојаниќ со извесна резерва допушта дека слободната востаничка територија можеби била организирана по принципот на капетании.

Уште попроблематично е прашањето за бројот на востаниците и потчинетите сили на Карпош. Според хрониката на Рашид, Карпош се утврдил во Крива Паланка со „многу илјади неверни непријатели“. Според еден извештај на румелискиот беглербег – Зуран Мустафа паша, кој бил сочинет врз основа на фатените „јазици“, во Крива Паланка се собрале „дваесет илјади христијани, кои имале 6 топа и се подготвувале да го нападнат Ќустендил“. Силахдар пак раскажува дека Карпош бил „главатар на дружина од 3000 немуслимански разбојници од редовите на бунтовната раја и надворешен непријател“. Силахдар кога зборува за разгромот на Карпош, вели дека неговата дружина се состоела од 200 души „злобни неверници“, а пак според Рашид од „многубројни неверници“. Разликите во спомeнативе извори се огромни. Особено претерана е бројката од извештајот на Зуран Мустафа паша. Најверојатно во неговата информација е внесена и рајата од востанатата територија.

Во османлиските хроники Карпош се споменува како крал од Куманово, дека добил кралски знаци, имал калпак (кнежевска капа), кога бил заробен кај него биле пронајдени австриски документи со слична содржина, дека Австријците по своето заминување постапиле „крајно промислено постапиле и оваа земја ... ја дале на ајдутинот наречен Карпош“ и слично. А. Матковски и Д. Бојаниќ ги отфрлат овие информации од едноставна причина што Карпош воопшто не се споменува во австриските извори; потоа затоа што за толку кратко време Австријците не можеле да потврдат било какви Карпошови претензии на одредена област, дури и мала феудална титула, а уште помалку дека тоа можел да го стори некаков австриски заповедник од Ниш. При заробувањето на Карпош кај него единствено можело да се најде некаков австриски повик, или проглас со некакво ветување за да ја подржи борбата против османлиите. Оттука веројатно гласовите за наводната кралска титула биле растурани од самите востаници, но и од населението, кои го перципирале Карпош како свој главатар и господар. Независно од релевантноста на спекулациите за наводната кралска титула, самиот факт што тие влегле во османлиските хроники, доволно зборува за неприкосновениот авторитет на Карпош на востанатата територија. Меѓутоа, според П. Петров наводното доделување на калпакот на Карпош имало големо симболично значење „од една страна Карпош влегува во вазални односи кон австрискиот император; а од друга страна добива власт од истиот тој император“. Изреченава констатација на Петров која не е аргументирана дури ниту со елементарните правила за влегување во вазални односи, за нас е премногу произволна и неприфатлива.

**3**. Австриски пробив длабоко во срцето на Балканот, ги натерало Османлиите да ја преиспитаат својата политика кон балканските христијани и да преземат одлучна акција. Во првата декада на септември 1689 година, на едно заседание на диванот во Софија бил сменет дотогашниот велики везир Бекри Мустафа паша, а на негово место бил поставен Мустафа Ќопрулу паша. Новиот велики везир презел низа мерки за враќање на довербата кај христијанското население и за негово дистанцирање од Австријците. За таа цел, меѓу другото донел одлука за укинување на вонредните даноци и за опростување на заостанатите даночни долгови. На 14 ноември 1689 година, во Софија пристигнал татарскиот хан Селим Гирај со 30 000 Татари. Следниот ден османскиот воен совет донел одлука офанзивата против Австријците да започне веднаш во текот на зимата, при што се сметало на факторот изненадување. Според планот османлиските војски требало да настапат кон Скопје од исток и југ. Главнината на османлиските сили под водство на Махмуд паша која тргнала од Софија на 20 ноември, преку Ќустендил и Крива Паланка

требало да стаса во Скопје. Како претходница пред него одел татарскиот хан Селим Гирај. Источното османско крило ја имало клучната улога при задушувањето на Карпошовото востание. Во исто време под водство на Арнаут Коџа Халил паша од Пелопонез тргнало јужното османско крило. Двете крила требало да се обединат во Скопје и од тука да започнат со гонењето на Австријците на север.

Првиот судир помеѓу татарската претходница и Карпошовите востаници се одиграла кај месноста Каменичко Поле, а потоа на ред дошла Крива Паланка. За настаните кај Крива Паланка османлискиот хроничар Силахдар пишува: „Кога ханот тргна од Ќустендилското подрачје пристигна веста дека извесен број луѓе од германските сили се засолнале во Крива Паланка. Беа испратени татарски борци кои го совладаа. Потоа пристигнаа во Крива Паланка и сите засолнати германски, унгарски и ајдучки разбојници во овој град беа ликвидирани“. Хроничарот Рашид во врска со настаните кај К. Паланка пишува: „Кога дојдоа во Крива Паланка, т.е. до местото наречено Каменаси Оваси,(Каменичко Поле, б.н.) проклетникот по име Карпош, кој беше прочуен како крал на Куманово и како башбог на неверничките ајдучки злосторници и кој добил калпак од австрискиот цар, заедно со неколку илјади невернички непријатели ја освои паланката Егридере и мислејќи дека за себе осигурил засолниште, од секоја страна изградил широк и длабок ров. Кога дозна дека муслиманските сили се наоѓаат во близината на неговото засолниште, тој заедно со сите проклетници, кои се наоѓаа под негово знаме, го промени своето решение и се даде во бегство. Прво премина во Куманово, и се смести во соѕиданата паланка во овој град“. Двајцата османски хроничари наведуваат дека во одбраната на К. Паланка учествувале австриски единици, меѓутоа уште една ќе нагласиме дека во австриските извори кои се доста прецизни кога станува збор за нивните загуби, воопшто не станува збор дека нивни единици учествувале во судирот кај Крива Паланка. Како и да е, веста за падот на Крива Паланка во османлиски раце, во Одрин стасала на 2 декември 1689 година.

По освојувањето на Крива Паланка, османлиските војски и Татарите настапиле кон Куманово. Таму на една полјана пред импровизираната тврдина дошло до отворен фронтален судир меѓу востаниците и војската. Притоа востаниците биле поразени, а Карпош бил заробен. Веднаш потоа бил извршен јуриш на тврдината, а нејзините бранители загинале до еден. Оттука се поставува прашањето, ако Карпош дејствувал во согласност во австриските сили зошто не се повлеков кон австриското утврдување во Качаничката клисура, туку излегол на фронтална пресметка со непријателот?!

Османлиските и татарските војски со заробениот Карпош и неколку стотици заробеници од Куманово заминале кон Скопје. По се изгледа во Скопје влегле без борба, бидејќи ајдутите кои биле во градот пред османскиот налет се разбегале по околните планини. Набрзо по османското утврдување во Скопје, Карпош бил изведен пред татарскиот хан Селим Гирај и осуден на смрт. За неговото ликвидирање постојат повеќе верзии при што во некои од нив се споменува дека тој бил набиен на колец покрај Камениот мост, а потоа фрлен во реката, дека бил избоден на копја, дека бил обесен на големо дрво крај Камениот мост  и т.н. Како и да е, тој бил ликвидиран на суров начин, а веста за неговото егзекуција во Одрин стасала на 13 декември 1689 година. Со ликвидацијата на Карпош, официјално, но и симболично било ставено точка на Карпошовото востание.

Османлиските сили во Скопје, останале околу еден месец и од тука презеле повеќе казнени експедиции кон Велес, Мариово, Тетово и Маврово, гушејќи пред себе буни и воспоставувајќи го османскиот поредок. Во меѓувреме се подготвувале за решавачка битка со Австријците во Качаничката клисура. На 1 и 2 јануари 1690 година, османлиските сили извојувале голема победа во Качаничката клисура. Од тој момент австро-турската војна тргна во обратен правец. Австријците почнале да се повлекуваат на север, а по нив настапувале Турците.

Интересно е да се набележи дека, откако Австријците констатирале дека „воената среќа“ се свртела на страна на Турците, за да ја повратат разнишаната доверба кај христијанското население и повторно да го придобијат за борба против Турците, почнале да испраќаат повици, притоа ветувајќи им заштита и севозможни привилегии. Така австрискиот император Леополд I на 6 април 1690 година издал манифест до балканските народи во кој меѓу другото стои: „љубезно ги повикуваме сите народи, населени низ цела Албанија, Сервија, Мизија, Бугарија, Силистрија, Илирија, Македонија, Рашка, како и другите земји ... сите да преминат на наша страна, и да земаат оружје против Турците, за свој спас и за ослободување и напредок на христијанската религија“.

На 26 април 1690година, Леополд I издал заштитно писмо до македонскиот народ „Gens Macedonica“. Во него меѓу другото стои: „Со оваа известуваме дека двајца Македонци, Марко Краида, роден од Кожани, и Димитар Георги Поповиќ, роден од македонскиот Солун, ни изложија колку македонскиот народ ... со сериозна намера е склон да премине од преголемиот турски јарем под наша заштита, доколку му биде дадена нашата милост и сигурно покровителство ... Поради тоа ... милостиво го

прифаќаме и примаме под наша кралска и царска милост во секој начин и вид гореспоменатиот македонски народ, љубезно препорачувајќи им, поединечно и на сите наши воени заповедници, да не го напаѓаат споменатиов македонски народ, ниту да му причинуваат непријатности, туку според силите, секој пат и во секоја околност, да го заштитуваат, бранат, и да му помагаат за таа цел". Набрзо потоа на 31 мај 1690 година бил издаден уште еден апел до народите на Бугарија, Србија, Македонија и Албанија со кој биле повикани на борба против Турците, а истовремено им бил ветена австриска заштита. Овие апели издадени при променетите околности, кога воената иницијатива и успеси биле на турска страна, не предизвикале никаков ефект.

Австро-турската војна и Карпошовото востание предизвикале сериозни последици во загрозените подрачја кои биле зафатени од воените и востаничките дејствија. Голем дел од македонското христијанско население од вознемирените области со повлекувањето на Австријците заминало на север, преку Сава и Дунав. Масовното иселување се случило од пределите на Тетовско, Скопско, Кумановско, Кривопаланечко, Штипско, Кочанско, Велешко, а иселувања биле забележани и од Струмичко, Битолско, па дури и од Солунско. Најголемиот дел од преселниците (бегалци) се населиле на унгарска територија, која по оваа војна се нашла под австриска власт. Еден дел од нив откако се почувствувале загрозени од покатоличување, германизација и унгаризација, емигрирале во православна Русија која ги населила на територијата на Украина. Најдобар доказ за тоа се топонимите на населбите што биле основано од нив. Во 1759 година од овие преселници бил основан Македонскиот украински полк. Долго време по преселбата во Русија тие се изјаснувале како Македонци. Од друга страна на испразнетите огништа во Северозападна Македонија биле населени исламизирани Албанци.

**Селективна литература:**


Австро-турската војна 1683-1699 година со посебен осврт на Карпошовото востание во Македонија (Материјали од научен собир одржан од 5-7 октомври 1990 година во Кратово и Охрид), Скопје, 1997;

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје, 1981;

Историја на македонскиот народ, т.2, Скопје 1998.

Joseph von Hamer, Historija turskog (osamskog) carstva, t.3, Zagreb 1979;

Йонов П. М. Политиката на Австрия и политическите движения в България от края на XVI до края на XVII век, Годишник на Софкия университет, LII, 2, София 1958;

Лапе Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ (Ідел, трето дополнето и проширено издание), Скопје, 1975;

Матковски Александар, Турски документи од времето на австро-турската војна и непосредно пред Карпошовото востание (од 12 април до 14 октомври 1689), Гласник на Институтот за национална историја, г. XV/1, Скопје 1971;

Матковски А. и К. Аручи, Македонија во хрониката на Мехмед Рашид ефенди (1668-1721), Гласник на Институтот за национална историја, г. XIX/1, Скопје 1975;

Матковски А. и К. Аручи, Македонија во Silahdar tarihi на Ф'нд'клили Силахдар мехмед ага (1668-1694), Историја, г. III/2, Скопје 1977;

Матковски А. и К. Аручи, Македонија и соседните области во хрониката на Џевдет паша (1689-1824), Гласник на Институтот за национална историја, г. XXIV/1, Скопје 1980;

Матковски Александар, Отпорот во Македонија, т. IV, Скопје 1983;

Матковски Александар, Македонскиот полк во Украина, Скопје 1985;

Петър Петров, Карпошовото въстание (1689), София 1994;

Томо Томоски, Еден изгубен документ за австриската војна во Македонија во 1689 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје 1963, кн.15;